| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Мојата сликовница |
| **Содржина на денот** | Ивица и Марица |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување и стекнување нови навики при влез во градинката чекање на ред на обележано место за држење на растојание со другарчињата. |
| **Активности** | Сликовница „Ивица и Марица“<br>Започнете разговор со децата за тоа кој ни пишува сликовници и од што се состојат.Одбираме сликовница „Ивица и Марица“. Додека го читате текстот им ги покажувате сликите од сликовницата.<br>Откако ќе им ја прочитате приказната децата имаат за задача самостојно да ја раскажат приказната.<br>Раскажуваат по серија слики и ги редат по редослед на сликовницата.<br>Потоа им предлагате да направат и да нацртаат своја сликовница по серија слики.<br>Земете бели листови и темперна и предложете им да сликаат тоа што го запомниле од сликовницата.<br>Составуваат своја сликовница по серија слики.<br>Најнапред и даваат наслов на сликовницата, а потоа раскажуваат што насликале.<br>Кај децата се развива смисла за правилно говорно изразување и се поттикнуваат за слободно изразување.<br>-Игри на плочник „Плочка“ и цртање со креди. |